ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-450/2
17.01.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-450/1 од 17.01.2025 година, поднесено од [redacted] го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-450/1 од 17.01.2025 година, поднесено од [redacted], со кое се бара информација од јавен карактер:

-Податоци за жртви на семејно насилство за 2024 година, вклучувајќи ги податоците по пол, возраст, националност, превземени мерки, финансиска поддршка на жени жртви на семејно насилство, или друг вид на поддршка и помош. .

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УВАЖУВА.**

**Образложение**

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Општина Велес нема податоци за жртви на семејно насилство, од причина што жртвите на семејно насилство согласно законската регулатива настанот го пријавуваат во други институции.

За реалната слика за семејно насилство, потребно е Барањето за податоци за жртви по пол, возраст, националност, преземени мерки, финансиска помош на жени жртви на семејно насилство и др. да го упатите до ЈУМ ЦСР Велес, МВР-СВР Велес и Основен суд Велес.

Согласно Програмата за активностите на Општина Велес за 2024 година, а по добиено Барање од ЈУМ ЦСР Велес во 2024 година финансиски е поддржано едно лице како жртва на семејно насилство од женски пол, по националност Македонка.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*